ПРИЛОГ VIII

# ОПИС НА ТЕХНОЛОГИИТЕ И ДРУГИТЕ ТЕХНИКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ, ИЛИ ДОКОЛКУ ТОА НЕ Е МОЖНО, НАМАЛУВАЊЕ НА ЕМИСИИТЕ НА ЗАГАДУВАЧКИТЕ МАТЕРИИ

СОДРЖИНА

VIII.1. Мерки за намалување на загадувањето вклучени во процесот ....................................................................................1
VIII.1.1. Мерки за намалување на загадувањето од емисиите во воздух....1
VIII.1.2. Мерки за намалување на загадувањето од емисиите во вода ......2

## VIII.1. Мерки за намалување на загадувањето вклучени во процесот

### VIII.1.1. Мерки за намалување на загадувањето од емисиите во воздух

Мерките за намалување на загадувањето од емисиите во воздухот главно се состојат во следните активности:

Покривање на слојот од компактиран отпад со слој од земја. Депонираниот отпад со градежна машина-компактор се набива во слој од 2,2 метри, а потоа со помош на булдозери се покрива со слој од земја во слој од 0,3 метри (Слика бр.VIII-1). На таков начин се намалува емисијата на мирис од отпадот, како и негово разлетување под влијание на ветерот. Исто така, редовно се врши набивање на покривниот слој од земја, заради смалување на фугитивната емисија на земјена прашина.



Слика бр.VIII-1: Компактирање на отпадот и негово покривање со земја

Депонирање на пепелта и згурата од согорениот медицински отпад во посебни ровови. Пепелта и згурата кои се создаваат при согорување на медицинскиот отпад од инцинераторот се носи на посебен дел од Депонијата. Тие се одлагаат во претходно ископани ровови, на места одвоени од одлагалиштето на комуналниот отпад за да не дојде до евентуално негово запалување. Рововите се затрупуваат со слој од земја, со што се спречува разлетување на пепелта.

Прскање со вода на земјените патишта и миење на улиците во рамките на Инсталацијата. Имено, со цел да се намали појавата на прашина, особено во сушните периодина годината, Операторот врши прскање со вода на земјените патишта и миење на улиците во рамките на Инсталацијата.

Надградба на на печката за согорување на медицински и друг вид на отпад (инценератор) Во април 2018 година, на печката за согорување на медицински и друг вид на отпад (инценератор) заради исполнување на барањата од законската регулатива и исполнување на условите од А – интегрираната дозвола, поставени се нови три горилници кои користат ТНГ како гориво и воедно е поставен е воден филтер со што значително се намалуваат емисиите на загадувачки супстанции од инценераторот.

## **VIII.1.2.** Мерки за намалување на загадувањето од емисиите во вода

Мерките за намалување на загадувањето од емисиите во површинската вода главно се состојат во следните активности:

Редовно и правилно компактирање и покривање на отпадот. Со ваквата активност се смалува навлегувањето на водата, која е резултат на атмосферските врнежи од дожд и снег, во депонискиот слој на отпадот. Со тоа се смалува негативното влијание на исцедокот во однос на неговиот квантитет и по квалитет.

Редовно чистење на бетонскиот канал по периферијата на депонијата. Бетонскиот канал кој е изграден по периферијата на депонијата, а со цел да ги прифаќа атмосферските води од суводолниците кои гравитираат кон депониското тело, редовно се чисти и се одржува во исправна состојба. Со тоа се спречува водата од поројните дождови да доведе до појава на поплавување на депонијата, односно спречува навлегување на водата во депониското тело. Со тоа, исто така се смалува негативното влијание на исцедокот.

Третман на отпадната вода од пералната за возила. На секое возило кое ќе донесе отпад на Депонијата, пред да излезе од неа, му се врши миење на долниот строј, особено тркалата. Отпадната вода од пералната за возила и отпадните води од миење на улиците и асфалтираните површини се собираат во два бетонски таложници кои се наоѓаат во непосредна близина на пералната. Таложниците редовно се чистат и овој талог се носи на депонијата.

Редовно чистење на септичката јама. Фекалните отпадни води се собираат во септичка јама која редовно се чисти од страна на овластена фирма.

Чистење на талог од резервоари. Редовно се чисти талогот од резревоарите од станицата за рециркулација. Собраниот талог повторно се враќа на депониското тело со помош на специјални возила со што се овозможува непречена работа на станицата

Чистење на талог од поток. Редовно се чисти потокот Мечкин дол од наноси од земја, гранки и лисја, со што се овозможува на чистите води од потокот и атмосферските води.

.